# Информација во однос на ре-акредитација и акредитација на нови мерки

*Јануари 2016*
*Скопје*

*Project implemented by: IPARD Managing Authority*
*Str. Aminta Treti 2, Skopje; Tel: +389 2 313 44 77*
*Financed: Measure Technical Assistance (501) under IPARD programme 2007-2013*

## 1. Акредитација на нови мерки во рамки на ИПАРД Програмата

Националните власти на 29ти април 2015 година го доставија конечниот ревидиран пакет со имплементирани наоди и препораки од мисијата во врска со акредитација на мерката 501- Техничка помош. Доделување на управувањето во рамките на децентрализиран систем на имплементација без претходна контрола за мерка 501- Техничка помоше остварено по добиен допис за затворање на процесот за акредитација на оваа мерка од страна на одделението Ј.5 – Финансиска ревизија на Генералниот Директорат за земјоделство од 3ти јули 2015 година. Следствено на тоа од страна на ЕК донесена е и Одлука (Ц(2015) 6215 од 15ти септември 2015 година) за доделување на правото за управување со мерката 501- Техничка помош со што и официјално е затворен самиот процес на акредитација .

Акредитацијата на мерката за техничка помош ќе придонесе за зголемување на апсорпцијата на ИПАРД средствата во Република Македонија.

Понатаму, на 21ви септември 2015 година до НАО од страна на ИПАРД Агенција доставен е првичен пакет на процедури за акредитација на мерката 301- Рурална инфраструктура. Од страна на НАО во текот на месец ноември 2015 година доставени се коментари на првичниот пакет на документи за акредитација, при што на 25ти јануари 2016 година е добиен корегиран втор нацрт пакет за акредитација на оваа мерка согласно забелешките на НАО. Согласно овој процес, НАО изготви и детален акциски план за доставување пакет за доделување на право за индиректно управување со мерката - Рурална Јавна Инфраструктура во рамки на ИПАРД Програмата 2014-2020 и истиот во текот на месец ноември 2015 година е доставен за постапување до оперативната структура. Во рамки на истото, НАО со допис број 10-11533/1 од 16ти ноември 2015 година достави до Ревизорското тело за ИПА барање за спроведување на ревизорска мисија со цел обезбедување на независно ревизорско мислење во насока на подготовка на барање за доделување на правото за индиректно управување со мерката рурална јавна инфраструктура од ИПАРД Програмата (2014-2020).